*СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА*

***прво полугодие 2021 година***

Поштенскиот сектор е критичен за економската и социјалната кохезија во целиот свет, а регулаторните активности се во насока на ефикасно обезбедувањето на релевантни регулаторни мерки кои ќе создадат конкурентни и одржливи услови за работа на поштенските даватели. Извештаите за обезбедување на поштенски услуги како извор за собирање на значајни информации за состојбата на пазарот, се важен инструмент за прикажување на ситуацијата што се развива на поштенскиот пазар, а особено за време на пандемијата „Ковид-19", и закрепнувањето потоа.

Агенцијата за пошти во рамки на своите надлежности за регулирање на поштенскиот пазар, во текот на 2021 година направи измена на Правилникот за видовите на финансиски податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги и начинот на нивното доставување до Агенцијата, како и на Извештаите за обезбедување на поштенски услуги.[1]

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на статистички податоци со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината. Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во продолжение следи Статистички извештај изготвен од добиените податоци за првото полугодие од 2021 година, и направена е споредба на податоците со истиот период за првото полугодие од 2020 година. Основната цел на овој извештај е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали

[1] http://ap.mk/mk/formulari-analiza

одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој да се анализира од аспект на светските трендови.

### 1. *Даватели на поштенски услуги*

Во првото полугодие од 2021 година работеле 45 даватели на поштенски услуги, од кои 7 нови даватели на поштенски услуги, додека три даватели го имаат напуштено пазарот по своја иницијатива или по службена должност. Во првото полугодие од 2021 година споредбено со првото полугодие 2020 година има зголемување на бројот на даватели на слободниот пазар од 10%. Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги кои работеле во првото полугодие на 2021 година пополнети Извештаи доставиле 38 даватели, кои се предмет на анализа и на овој извештај.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2020година прво полугодие | 2021 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **Давател на универзална услуга – АД Пошта на Северна Македонија** | 1 | 1 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 40 | 44 |

### 2. *Остварен обем на поштенски услуги*

При прикажување на податокот за вкупно остварен обем, неопходно е да се даде забелешка, односно да се нотира дека собирање на точните и навремени податоци за вистинито прикажување на вкупниот обем е особено важно и зависи од давателите на поштенски услуги. Ненавременото или воопшто не доставување на податоци од одредени даватели, како што е случај годинава со 9 даватели, креира недоволно точна слика за развој на пазарот, кој во одреден случај може да покаже и намалување на одредени услуги на пазарот. Посебно е утврден проблем доколку одреден давател на поштенски услуги кој има значително работење на пазарот и остварува поголем обем односно уделот на пазарот во претходните години да бил поголем, остава можност за неточно прикажување на сликата на пазарот. Во 2021 година има 7 даватели кои не доставиле пополнети извештаи што со анализа и на нивните податоци може целосно да се смени анализата за развој

на поштенскиот пазар, заради што Агенцијата за пошти сака да укаже на можни промени при следни анализи на податоците односно при изработка на анализи во кои е опфатена подолг период односно цела тековна година.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2020 прво полугодие | 2021 прво полугодие |
|---|---|---|
| **Пошта на Северна Македонија** | 15,742,746 | 14,741,246 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 2,236,743 | 3,190,305 |
| **Вкупен обем** | 17,979,489 | 17,931,551 |

Како што може да се забележи имаме опаѓање на вкупниот обем за првото полугодие во 2021 година. Опаѓањето на обемот во однос на истиот период во 2020 година изнесува 0,26 %. Ова опаѓање е резултат на намалување на обемот кај давателот на универзалната услуга за 6,4%.

Графикон 1. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги



Графикон 2. Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




| | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| Пошта на Северна Македонија | 87.50% | 82.21% |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 12.50% | 17.79% |

Во 2021 година има зголемување на удел на пазарот на давателите на поштенски услуги на слободниот пазар за 5,29% во однос на 2020 година.

## 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај Пошта на Северна Македонија

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2020 прво полугодие | 2021 прво полугодие |
|---|---|---|
| **Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга** | 15,619,450 | 14,583,144 |
| **1. Пратки за коресподенција** | 14,752,250 | 13,339,764 |
| **2. Мали пакети** | 0 | 0 |
| **3. Директна пошта** | 34,094 | 19,336 |
| **4. Пакети** | 47,086 | 58,129 |
| **5. Печатени работи** | 751,058 | 1,165,915 |
| **Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга** | 123,296 | 158,102 |

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува опаѓање на сите услуги во рамки на универзалната услуга, а има зголемување на печатените работи а кои се остварени околу 50% во внатрешен и околу 50 % во меѓународен сообраќај.

Табела 4: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија




Давателот на универзалната услуга остварил намалување на скоро сите услуги, и тоа во рамки на универзалната услуга 16%. Пратките за коресподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи опаѓање за исто 16%. Пандемијата најмногу се почувствува во делот на обезбедување на оваа услуга, посебно имајќи предвид дека многу корисници на оваа услуга започнаа со користење на електронската комуникација.

Табела 5: Вкупен обем на пратки за коресподенција

| | | |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *13339764* | *100%* |
| *Писма* | *13310801* | *99,78%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *10346432* | *77,56%* |
| **  Вкупен обем на писма до 50 грама* | *7495484* | *56%* |

Во рамки на пратките за коресподенција обичното писмо опфаќа дури 99.78 % од вкупниот остварен обем во оваа категорија, додека 56% се писма до 50 грама, услуга која спаѓа во рамките  на резервираната услуга.

Табела 6: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| *Внатрешен поштенски сообраќај* | | |
|---|---|---|
| *Физички лица* | *Правни лица* | *Вкупно* |
| 2,554,483 | 9,650,807 | 12,205,290 |
| **20.93%** | **79.07%** | |

Графикон 3: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај




Обемот на пакети бележи зголемување во однос на првото полугодие на 2020 година, и би требало и да е очекувано со оглед на трендовите во поштенскиот сообраќај. Развој на е-трговија и онлајн нарачките се секаде во раст кои го подигнуваат прагот на услугата пакети.

Графикон 4: Вкупен обем на пакети



Зголемувањето на пакетите е околу 23,5 % проценти во однос на 2020 година. Вкупниот процент остварен во однос оствареniот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија (2,305,943) е многу мал и изнесува 2,52%.

Вредно е да се напомене дека во овој податок од 58 129 пратки не се внесени пратки од меѓународен дојдовен сообраќај во чиј обем влегуваат и мали пакети кои се во рамки на пратките за коресподенција, а кои системски не се поделени за да точно се одреди за колку пратки станува збор.

Табела 7: Пратки за кореcподенција во меѓународен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција | меѓународен појдовен сообраќај 2021 | меѓународен дојдовен сообраќај 2021 |
|---|---|---|
| **10346432** | **407691** | **682753** |
| | **4%** | **7%** |
| | **11%** | |

Графикон 5: Обем 2020-2021 година прво полугодие АД Пошта на Северна Македонија



## 4. Вкупен обем на поштенски пратки кај Давателите на поштенски услуги на слободен пазар

Табела 8. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ | 2020 прво полугодие | 2021 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем на поштенски пратки | 2,236,743 | 3,190,305 |
| 1. Пратки за коресподенција | 704,269 | 752,712 |
| 2. Директна пошта | 105,001 | 189,442 |
| 3. Пакети | 1,271,554 | 2,247,814 |
| 4. Печатени работи | 5,000 | 337 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обемот за 42% и зголемување на пратките за коресподенција за околу 6,9%. Зголемување на пакетските услуги за 76% е резултат на големата понуда на онлајн услугите и нивното користење од страна на корисниците.

***Табела 9. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пратки за коресподенција - 2021 година, прво полугодие***



***Табела 10. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пакети - 2021 година, прво полугодие***




***Табела 11. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголемо зголемување на обемот на услугата пакети – 20/21 година, прво полугодие***



***Табела 12. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем процент на зголемување на обемот на пратките за коресподенција во 2021 година***




**Табела 13. Даватели кои имаат најголемо намалување на обемот на пратки за коресподенција во 2021 година**




## 5.Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услуги за кои плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

**Табела 14. E commerce услуги кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар**

| | E commerce услуги |
|---|---|
| Писма E commerce | 5465 |
| Пакети E commerce | 106090 |

Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

**Табела 15. Пратки со откупнина кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар**

| | Пратки со откупнина |
|---|---|
| Писма со откупнина | 2590 |
| Пакети со откупнина | 291037 |

Давателот на универзалната услуга има само 5 пратки од е –трговија (поради неевидентирање на пратките кои доаѓаат од е-трговијата, за што давателот на универзалната услуга има обврска истите да ги евидентира согласно Новиот Правилник и извештаите), додека 24,720 пратки со откупнина.

### *Табела 16. Број на вработени во поштенскиот сектор*

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2020 прво полугодие | 2021 прво полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 2,275 | 2,220 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | | 33 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1,183 | 1442 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | | 139 |

Првото полугодие од 2021 година бележи зголемување на вработени лица во поштенскиот сектор. Давателот на универзалната услуга има намалување, додека кај давателите на слободниот пазар има зголемување од 21 %. Кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар се бележи зголемување на договорни пошторазнесувачи што се должи и на зголемување на договорни пошти.

### *Табела 17.* Точки на пристап - А.Д. Пошта на Северна Македонија

| *Точки за пристап* | *2020 прво полугодие* | *2021 прво полугодие* |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 335 | 332 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| Вкупно | 7,248 | 7,245 |

Точките за пристап како основа на достапноста за универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

## Табела 18. Точки на пристап – Даватели на слободен пазар

| Точки за пристап | 2020 прво полугодие | 2021 прво полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 167 | 190 |
| 2. Број на возила за обезбедување на услугите | 668 | 698 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат постојано зголемување на точките за пристап, како во делот на единиците, така и во број на возила.

## 1. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги

АД Пошта на Северна Македонија остварила помалку приходи (од 10%) во 2021 година прво полугодие во однос на 2020 истиот период, но имала поголеми расходи.

### Табела 19. Остварени приходи и расходи

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | |
|---|---|---|---|---|
| | **2020 прво полугодие** | **2021 прво полугодие** | **2020 прво полугодие** | **2021 прво полугодие** |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 564,293,530 | 509,903,947 | 491,859,809 | 618,405,778 |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 616,792,892 | 640,910,593 | 437,281,697 | 554,668,524 |

## Табела 20. Остварени приходи од услуги во рамки на универзалната услуга




Кај давателите на слободниот пазар има зголемување на приходите, па сходно тоа и зголемување на расходите.

Графикон 5: Приходи- даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

***-најголемо зголемување на приходите 2020/2021 година***



Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обем од 42 %, а имаат зголемување на приходите за 26%.

**Табела 21. Најмногу остварени приходи**

| **Даватели со најмногу приход** | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| - ДХЛ | /% |
| - Карго Експрес | /% |
| - ДелЦо | /% |
| - Еко Логистик | /% |
| - Фалкон Логистик | /% |
| | 78.16% |
| | |

***Табела 22.*** **Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки**

| **Рекламации** | **2020 прво полугодие** | **2021 прво полугодие** |
|---|---|---|
| **А.Д. Пошта на Северна Македонија** | 445 | 458 |
| **Останати даватели на поштенски услуги** | 302 | 313 |

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги во однос на 2020 година бележи зголемување односно, кај давателот на универзалната услуга има зголемување од 2,9 %, додека кај давателите на слободниот пазар 3,6%.

**Табела 23. Број на рекламации по видови на пратки**

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | | 449 | | 9 | |
| Останати даватели на поштенски услуги | 40 | 47 | | 226 | 0 |

Давателот на универзалната услуга има најмногу рекламации за препорачани писма и тоа 98% корисниците рекламирале за изгубени препорачани пратки, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар корисниците рекламирале по основ на оштетена односно намалена содржина на пратките и тоа 61% од поднесените рекламации.

*Графикон 6: Рекламации АД Пошта на Северна Македонија*

